# Ваш водич за KEYTRUDA®
# (pembrolizumab)

## Информации за пациентите

▼ Овој медицински производ е предмет на дополнителен надзор. Тоа ќе овозможи брза идентификација на нови безбедносни информации. Ќе помогнете со пријавување на несаканите дејства кои може да се појават.

MSD

# Вовед

Вашиот лекар ви го препишал лекот KEYTRUDA® (pembrolizumab) за лекување на ракот. Ве молиме прочитајте го Упатството за пациентот за да дознаете што е KEYTRUDA и за што се употребува. Оваа брошура ќе ви послужи како водич во вашето лекување, вклучувајќи и што да очекувате додека примате KEYTRUDA.

Овој водич ќе ги објасни некои од несаканите дејства кои може да се појават додека сте подложени на лекување со KEYTRUDA и како да ги проверите. Исто така, ќе дознаете зошто е важно веднаш да му пријавите какви било симптоми на вашиот лекар.

Тука да се залепи Информатив-ната картичка

ПЕЧАТ НА ЛЕКАРОТ

# За KEYTRUDA® (pembrolizumab)

**KEYTRUDA е лек кој се користи за лекување рак.**

Лекувањето со KEYTRUDA може да има несакани дејства. KEYTRUDA е еден тип на терапија кој делува преку помагање на вашиот имунолошки систем да му се спротивстави на ракот.

## Пред да почнете со земање KEYTRUDA

Кажете му на вашиот лекар за други лекови кои ги земате, неодамна сте земале или можеби ќе земате. Известете го вашиот лекар ако:

- Имате автоимуна болест (состојба во која телото ги напаѓа сопствените клетки).
- Имате пневмонија или воспаление на белите дробови (наречено пневмонитис).
- Претходно ви бил даден ипилимумаб, друг лек за лекување на одреден тип на рак и сте доживеале сериозни несакани дејства поради тој лек.
- Сте имале алергиска реакција на други терапии со моноклонални антитела.
- Имате или сте имале хронична вирусна инфекција на црниот дроб, вклучувајќи хепатитис Б (ХБВ) или хепатитис Ц (ХЦВ).
- Имате инфекција со хуман вирус на имунолошка дефициенција (ХИВ) или синдром на стекната имунолошка дефициенција (СИДА).
- Имате оштетување на црниот дроб.
- Имате оштетување на бубрезите.
- Сте имале трансплантација на цврст орган или трансплантација на коскена срж (матични клетк со матични клетки од донатор (алогенетски).
- Земате други лекови кои го заслабнуваат вашиот имунолошки систем. Примери за такви лекови може да вклучуваат кортикостероиди, како што е преднизон.
- Земате, неодамна сте земале или можеби ќе земате какви било други лекови.
- Ако сте бремена, мислите дека можеби сте бремена или планирате да имате бебе.
- Ако сте жена која би можела да остане бремена, мора да користите адекватна контрацепција додека се лекувате со KEYTRUDA и најмалку 4 месеци по вашата последна доза.
- Доите или планирате да доите.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

# **Што треба да знаете** за вашето лекување

## Како ќе ви биде даден KEYTRUDA® (pembrolizumab)

KEYTRUDA ќе ви биде даден во болница или клиника под надзор на искусен лекар. Вашиот лекар ќе ви го даде KEYTRUDA преку инфузија во вената.

Инфузијата ќе трае 30 минути. Ве молиме прочитајте во Упатството за пациентот за препорачаната доза од KEYTRUDA.

**KEYTRUDA вообичаено се дава еднаш на секои 3 недели. Вашиот лекар ќе одлучи колку третмани ви се потребни.**

Понекогаш туморот може да се зголеми во првите неколку месеци пред да почне да се смалува или може да се појават нови тумори. Ако се чини дека туморот ви се влошува во почетокот по отпочнување на лекувањето со KEYTRUDA, вашиот лекар може да го продолжи лекувањето ако вашето здравје е стабилно и повторно ќе провери за да види дали имате одговор на лекот.

Важно е да одите кај вашиот лекар на закажаните прегледи за лекарот да може да го провери вашиот напредок и да ви даде KEYTRUDA. Доколку не сте во можност да стигнете на закажаниот термин, јавете му се веднаш на вашиот лекар за да презакажете.

## Можни несакани дејства

Како и сите лекови, KEYTRUDA може да предизвика несакани дејства, иако не се јавуваат кај секого. Кога ќе го примите KEYTRUDA, може да ви се појават некои сериозни несакани дејства. Можно е истовремено да доживеете и повеќе од едно несакано дејство. Многу е важно да му кажете на вашиот лекар за кои било симптоми кои ќе ги приметите додека го примате KEYTRUDA. Вашиот лекар можеби ќе ви даде други лекарства со цел да се спречат потешки компликации и да се намалат вашите симптоми. Вашиот лекар може да ја одложи следната доза од KEYTRUDA или да го стопира вашиот третман со KEYTRUDA.

# **Веднаш кажете му на вашиот лекар**
# ако имате некој од овие симптоми

| Несакано дејство | Знаци или симптоми |
|---|---|
| Проблеми со белите дробови **(воспаление на белите дробови, кое може да биде фатално)** | • Недостаток на здив<br>• Болка во градите<br>• Кашлица |
| Проблеми со цревата **(воспаление на цревата)** | • Дијареја или поголемо движење на цревата од вообичаено<br>• Црна столица, како катран, леплива, или која содржи крв или слуз<br>• Тешка стомачна болка или чувствителност на допир<br>• Гадење или повраќање |
| Проблеми со црниот дроб **(воспаление на црниот дроб)** | • Гадење или повраќање<br>• Чувство на помалку глад<br>• Болка на десната страна од стомакот<br>• Пожолтување на кожата или белките во очите<br>• Темна урина<br>• Крварење или појава на модринки полесно од вообичаено |
| Проблеми со бубрезите **(воспаление на бубрезите)** | • Промени во количината или во бојата на урината |
| Проблеми со хормоналните жлезди **(особено тироидата, хипофизата, надбубрежната жлезда)** | • Забрзано срцебиење<br>• Намалување или зголемување на тежината<br>• Зголемено потење<br>• Опаѓање на косата<br>• Чувство на студ<br>• Констипација<br>• Подлабок глас<br>• Болки во мускулите<br>• Зашеметеност или несвестица<br>• Главоболка која не поминува или невообичаена главоболка |
| Дијабетес тип 1 | • Чувство на повеќе глад или жед<br>• Потреба за почесто уринирање<br>• Намалување на тежината |
| Проблеми кај кожата **(воспаление на кожата, кое може да биде фатално)** | • Исип<br>• Јадеж<br>• Плускавци по кожата<br>• Лупење или рани<br>• Чирови во устата или на слузницата во носот, грлото или гениталниот предел |

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

# Што треба да знаете

| | |
|---|---|
| Проблеми кај другите органи | • Очи: промени во видот<br>• Мускули: болка или слабост<br>• Срце: недостаток на здив, неправилно срцебиење, чувство на замор, или болка во градите<br>• Панкреас: абдоминална болка, гадење и повраќање<br>• Нерви: привремено воспаление кое предизвикува болка, слабост и парализа на рацете и нозете<br>• Отфрлање на трансплантиран цврст орган по примањето на пембролизумаб (кажете му на вашиот лекар ако сте имале трансплантација на цврст орган)<br>• Имунолошко нарушување кое ги напаѓа белите дробови, кожата, очите и/или лимфните јазли<br>• Мозок: воспаление кое може да предизвика конфузија, температура, проблеми со меморијата или напади |

| | |
|---|---|
| Реакции на инфузијата | • Недостаток на здив<br>• Јадеж или исип<br>• Зашеметеност<br>• Температура |

**Компликации, вклучувајќи и болест на калем наспроти домаќин, кај лица со трансплантирана коскена срж (матични клетки) од матични клетки на донатор (алогенетски).** Овие компликации може да бидат сериозни и да доведат до смрт. Тие може да се појават ако сте имале ваков вид на трансплантација во минатото или ако ја имате во иднина. Вашиот лекар ќе ве надгледува за појава на знаци и симптоми, кои може да вклучуваат исип по кожата, воспаление на црниот дроб, абдоминална болка, или дијареја.

**Ако имате какви било несакани дејства, вклучувајќи и можни несакани дејства кои не се наведени тука, контактирајте со вашиот лекар.**

# Надгледување за појава на **несакани дејства**

## Важно е да бидете свесни за симптомите

Ако приметите какви било симптоми додека го примате KEYTRUDA® (pembrolizumab), веднаш треба да разговарате со вашиот лекар.

Одредени лекарства, како што се кортикостероиди, може да се употребат за да се спречат потешки компликации и за да се намалат вашите симптоми. Вашиот лекар може да го одложи или целосно да го прекине вашето лекување ако несаканите дејства ви се премногу сериозни.

Не обидувајте се сами да ги дијагностицирате или да ги лекувате несаканите дејства.

## Што да правите ако симптомите ви се појават кога сте надвор од дома

Важно е да контактирате со вашиот лекар кога и да ви се појават симптомите. **Секогаш носете ја вашата Информативна картичка на пациентот за KEYTRUDA** со информациите за контакт на вашиот лекар така што тој или таа ќе може да бидат контактирани во итни случаи. **Информативната картичка** содржи важни информации за симптомите кои треба веднаш да му бидат кажани на лекарот или медицинската сестра кои ве лекуваат додека сте надвор од дома. Таа исто така е известување и за другите лекари дека вие се лекувате со KEYTRUDA.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

**Секогаш носете ја со вас Информативната картичка за KEYTRUDA.**

# Не пропуштајте закажан преглед за лекувањето со **KEYTRUDA® (pembrolizumab)**

Ако го стопирате или прекинете вашето лекување, тоа може да го прекине ефектот на лекот. Не прекинувајте го лекувањето со KEYTRUDA доколку не сте го продискутирале тоа со вашиот лекар.

Ве молиме внимателно да се придржувате кон сите ваши закажани прегледи и да ги презакажете колку е можно поскоро доколку пропуштите некој. **Веднаш контактирајте со вашиот лекар ако ви се појават какви било несакани дејства, вклучувајќи ги и оние кои не се наведени во оваа брошура.**

Туморот може отпрво да ви се зголеми или може да ви се појават нови пред да започнат позитивните ефекти од KEYTRUDA. Важно е да го примате KEYTRUDA како што ви е препишан за да може да добиете најмногу од вашето лекување.

**Ве молиме да контактирате со вашиот лекар доколку имате какви било прашања во врска со KEYTRUDA или како тој делува.**

# Запомнете

KEYTRUDA® (pembrolizumab) е тип на лекување кое делува преку помагање на вашиот имунолошки систем да се бори против ракот. Овој тип на терапија може понекогаш да има несакани дејства.

KEYTRUDA се дава преку инфузија во вена во времетраење од 30 минути, вообичаено на секои 3 недели.

Со KEYTRUDA, може да се појават одредени несакани дејства кои може да бидат сериозни. **Веднаш контактирајте со вашиот лекар ако ви се појават какви било несакани дејства. Разговарајте со вашиот лекар доколку имате какви било прашања во врска со KEYTRUDA или како тој делува.**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

MSD

Copyright © 2015 Merck Sharp & Dohme Corp.,
a subsidiary of Merck & Co., Inc., Kenilworth, NJ, USA. All rights reserved. ONCO-1213470-0001 02/18